Арх.бр._______________

Дата._______________

До: Здружение на граѓани за заштита на правата и интересите
на вработените во државната администрација и заштита на државниот
имот ПРАВЕДНИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од Јавен карактер Ви ги доставуваме следните одговори на Вашите прашања:
Одговори:

1. Лабараторијата со површина од 591,5 м2 е доделена на тогашно Министерство за урбанизам, градежништво и заштита на животна средина
   Врз основа на член 5 од Законот за отстапување на деловни средства од страна на претпријатијата во кои што Република Македонија и Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатија со општествен капитал имаат акции, односно удели ( Службен весник на РМакедонија бр.49/97 ) и одлука на Одборот на директори при РЖ ,, ИНСТИТУТ ,, АД Скопје бр. 11-3-16 од 27.03.1998 година.

2. Со договор за користење на недвижен имот бр.03-1323/1 од 09.04.2002 година се отстапени без надомест на НП Пелистер деловниот простор од 250м2 и двор од 770 м2 во Битола, имот на Република Македонија кој со Одлука на Влада на Р. Македонија бр. 23-640/1 од 12.02.2002 година е пренесен на Министерство за животна средина и просторно планирање ( Службен весник на Р.Македонија бр.14/2002 ), со цел наменување на наведениот објект во Информативен центар за Националниот Парк ,, Пелистер,,, од кои две простории НП Пелистер ќе ги уреди за потребите на МЖСПП.

3. Министерство за животна средина и просторно планирање со Одлука на Влада на Република Македонија бр.23-831/1 од 08.03.2004 година( Службен весник на РМакедонија бр.13/2004 ),беше сместено во објектот на МРТВ на Бул. Гоце Делчев бр.18, се до преселување во сегашниот објект на Плоштад Пресвета Богородица.


Министерство за животна средина и просторно планирање на
Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk